# ЗАПИСНИК

Од одржаната 45-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 01.04.2024 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од 9 советници, беа присутни 8 (осум) членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски и Наумче Смилевски.

На 45-та седница на Советот на Општина Новаци не присуствуваше советникот Александар Канзуровски.

На седницата беа присутни Градоначалникот Стевановски и вработени во Општина Новаци: Оливера Димитровска-раководител, Летка Јовановска-раководител и Николина Лозановска- советник.

Гостин на 45-та седница на Советот на Општина Новаци беше Благојче Николовски, ВД Директор на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци.

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 44-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Програма за субвенционирање на трошоци од работењето на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за 2024г;
3. Разгледување и донесување на Правилник за користење на службени мобилни телефони за Градоначалникот, советниците и вработените во општинската администрација на Општина Новаци;
4. Разгледување на Барање за субвенционирање од ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци;
5. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 45-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката Најдовска Стојковска, предложи Дневниот ред да се измени и дополни со 1 (една) точка, која поради својата итност, неодложно треба да се разгледа на оваа седница.

1. Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година;

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** го прифати предлогот за изменувањето и дополнувањето на Дневниот ред, така што Дневниот ред на 45-та седница на Советот на Општина Новаци, по претрпените измени е составен од 6 (шест) точки, со тоа што точката бр. 5 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 6.

**1 точка** Разгледување и усвојување на Записникот од 44-та седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето, Записникот од 44-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **8 гласа за**.

**2 точка** Разгледување и усвојување на Програма за субвенционирање на трошоци од работењето на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за 2024г;

По однос на втората точка, Летка Јовановска – раководител, пред советниците даде објаснување за функционирањето на ЈКПД, кое покрај финансиските средства кои се наплатуваат од корисниците на услугите и извршените активности на претпријатието по основ на издадени фактури, потребно е да се одобрат и субвенции од страна на Советот на Општината. За таа цел Општина Новаци подготви Програма во која се предвидуваат финансиски средства за субвенционирање на Годишните планови за работа на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци во висина од 1 200 000,00 ден. кои Општина Новаци ќе ги обезбеди од сопствениот буџет.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше по однос на втората точка така што со **8 гласа за** донесе Програма за субвенционирање на трошоци од работењето на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци за 2024 година.

**3 точка** Разгледување и донесување на Правилник за користење на службени мобилни телефони за Градоначалникот, советниците и вработените во општинската администрација на Општина Новаци;

Советот беше информиран дека е подготвен Првилник со кој се уредува начинот и условите на користење на службен мобилен телефон, тарифните модели кои се користат, ограничувањата на сметката како и начинот на надоместување на сметката повисока од ограничувањето.

По кратка дискусија, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **8 гласа за** донесе Правилник за користење на службени мобилни телефони за Градоначалникот, советниците и вработените во општинската администрација на Општина Новаци.

**4 точка** Разгледување на Барање за субвенционирање од ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци;

Благојче Николовски, ВД Директор на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци, пред советниците зеде збор и даде објаснување за потребата од субвенционирање на претпријатието кое се соочува со потешкотии во работењето и има недостиг од финансиски средства за исплата на кредит во износ од 1.242.163,00 ден. земен од Стопанска банка АД Битола, кој е користен за подмирување на тековни трошоци на претпријатието.

Советот на Општина Новаци по дискусијата гласаше, така што со со **8 гласа за** донесе Одлука за субвенционирање на ЈПКД „Комунална Хигиена“ Новаци за отплата на кредит кон Стопанска Банка АД Битола.

**5 точка** Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година;

По однос на оваа точка советниците беа информирани за потребата од измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година, поради промена на коефициентот за исплата на плата на Градоначалникот, кој во моментот изнесува 2,35 како што е утврдено во законската регулатива.

Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **8 гласа за** донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 година.

**6 точка:** Советнички прашања

Советникот Иванчо Котевски зеде збор при што му се обрати на Градоначалникот Стевановски. Имено тојпредложи, доколку за тоа постои можност, да се пружи помош за вработување, на сопругата на починатиот Пеце Аврамовски, жител на село Новаци, која живее сама со своето малолетно дете ( 8 годишна ќерка), без помош од членови на потесното семејство.

На ова Градоначалникот Стевановски одговори дека веќе размислувал на оваа тема, но во овој момент, се додека изборите во државата не завршат, не е во можност да направи било што. Исто така тој изјави дека ќе се обиде да најде решение по однос на овој предлог.

Советот на Општина Новаци, по разгледувањето на сите точки од Дневениот ред, немаше дополнителни советнички прашања со што 45-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска